УДК. 327(497.2:497.11):323.1(497.17)

Михајло МИНОСКИ

# СРПСКО-БУГАРСКИТЕ ОДНОСИ И МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ПО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

Илинденското востание и прогласувањето на Крушевската Република покажале дека поробениот македонски народ се кренал на масовна оружена борба со јасно определена цел: ослободување од ропството и создавање своја самостојна национална држава, Македонска Демократска Република, што единствено можела да му обезбеди непречен национален, културен и политички развиток и економско прогресирање[1]. Сето тоа било во директна спротивност со актуелната политика на големите сили за зачувување на територијалното статус-кво на Балканскиот Полуостров[2] и со експанзионистичките големодржавни планови на балканските монархии.

Македонското прашање станало акутно меѓународно прашање. Големите сили кај кои постоела општа согласност за зачувување на територијалната целост на Османската држава, на владата во Цариград ѝ дале одврзани раце да ги употреби сите средства и сили што ѝ стоеле на располагање за задушување на востанието, за воспоставување ред и целосно повраќање на мирот. Австро-Унгарија и Русија, двете „директно заинтересирани" големи сили, поднесле нова реформна програма за македонските вилаети[3], што силно ги вознемирило балканските држави.

---

1 Целта на револуционерната борба, прокламирана од Македонската револуционерна организација била извојување на политичка автономија за Македонија. Таа се покажала недоволна.

2 Покрај констатацијата за недоволна подготвеност или како што најчесто се именува како предвременост на востанието, потребно е да не се маргинализира фактот дека востанието било кренато во крајно неповолни меѓународни услови.

3 За Мирцштегската реформна програма и за реформите во Македонија види: Diplomatische Akteustücke über die Reformaktin in Mazedonien 1902—1906, Wien, 1906; DARA Mazedonien 1906—1907, Wien 1907; A. Sclopoff, Les Reformes et la Protèction des chrétiens en Turquie 1673—1904, Sofia, 1904; Д-р Глигор Тодоровски, Реформите на големите европски сили во Македонија (1829—1909), II, Скопје, 1984.

Владата на Кнежевството Бугарија[4] презела редица дипломатски активности и други акции да се наметне на владата на Османската држава и пред дипломатиите на големите сили како фактор за кој ќе треба да се води сметка при решавањето на македонското прашање, што за бугарската официална политика било исклучиво бугарско прашање, прашање на обединување на бугарскиот народ[5]. Континуитетот на експанзионистичката бугарска државна политика што била спроведувана од сите претходни бугарски влади, независно од нивната партиска припадност, бил зачуван, согласно со интересите и со стремежите на бугарската буржоазија за обезбедување на економски простор за развиток на бугарскиот капитализам и за обезбедување на себе хегемонистичка улога на Балканскиот Полуостров[6]. Меѓутоа, Бугарија својата политика морала да ја сообразува со актуелната политичка ситуација и да води сметка за позициите на големите сили кои предупредувале на опасните последици во случај на предизвикување на воен конфликт. Од Петроград доаѓале постојани предупредувања дека во случај на војна Русија ќе остане рамнодушна „без оглед на тоа што ќе се случело со Бугарија“[7]. И австро-унгарскиот министер на надворешните работи, грофот Голуховски, „остро ја предупредил Софија“[8]. Во такви околности, во услови на целосна изолираност на Бугарија, на владата на Софија ѝ преостанувало единствено средство: засилен политичко-пропаганден и дипломатски притисок. Непосредно по започнувањето на македонското востание на дипломатските претставници на големите сили во Цариград и на тамошната влада им била предадена нота со која се укажувало на критичната ситуација во Македонија, и воедно предупредувала дека била приморана да преземе мерки за да се обезбеди од секоја евентуалност[9]. Вистинската цел на тоа обраќање била бугарската влада да се наметне како „застапник и бранител на

---

[4] На Народно-либералната партија (Стамболовисти). На власт дошла на 5 (17) мај 1903 година (се одржала до јануари 1908 г.) на чело со независниот генерал Рачо Петров. Во неа највлијателна личност бил министерот на внатрешните работи Д. Петков.

[5] Андреи Пантев, Радослав Попов, Крумка Шарова, Елена Стателова, Цветанка Тодорова, Външната политика на България и опозиционите партии (1900—1914). — Известия на Института за история при БАН, том 23, София, 1974, с. 110.

[6] Истото.

[7] Дипломатски архив Савезног секретаријата иностраних послова (ДА ССИП) — Београд, Министарство иностраних дела Краљевине Србије, Политичко одељење (МИП ПО), Ф. У, Пов. бр. 134/24. авг. 1903, С. Петербург, Стојан Новаковиќ до Љубомир Каљевиќ.

[8] Истото, Пов. бр. 926/29. VIII 1903, Цариград, С. Грујиќ до Љ. Каљевиќ.

[9] Извршила мобилизација на 30.000 резервисти спрема границата (ДА ССИП МИД ПО, Ф. II, Пов. бр. 365/7.XI 1903 у Софији, Бошко Чолак-Антиќ до Љ. Каљевиќ).

македонскиот народ кој, се разбира, го нарекувала бугарски“[10]. Во исто време презела чекори за билатерално спогодување со владата на Османската држава за сметка на македонскиот народ. Во Цариград, во специјална мисија, бил испратен Начович како познат и признат туркофил. На средбите со највисоките претставници на Османската држава, вклучувајќи ги и разговорите со султанот, се обидел да ги убеди дека директното спогодување било во интерес на двете држави коишто, со меѓусебни концесии, можеле да ги решат постојните тешкотии и на тој начин да го отстранат мешањето на странските сили во работите што можеле да се регулираат непосредно меѓу Цариград и Софија[11].

Владата на Османската држава не сметала на тоа да се спогодува со бугарската влада за македонското прашање и да прави нови отстапки на бугарската пропаганда, посебно не кога бил извесен категоричниот став на големите сили за зачувување на територијалното статус-кво на Балканскиот Полуостров.

Престојот во Цариград на бугарскиот дипломат бил следен со загриженост од владите на другите две балкански монархии, Грција[12] и Србија[13]. И самото водење на разговори во Цариград во актуелната политичка ситуација се сметало дека и носело морална корист на Бугарија. Со тоа таа во македонското прашање „се издигнувала над останатите балкански држави“[14]. Затоа европската дипломатија во третманот на македонското прашање, според искажувањето на српскиот дипломатски претставник во Цариград, Јован Ф. Христиќ, „најмногу водела сметка за Бугарија“[15].

По очигледниот неуспех на мисијата на Начович во првата фаза на преговорите во Цариград, се очекувало натамошно заострување на односите меѓу Бугарија и Османската држава, и не се исклучувала можноста да дојде до војна. Европската дипломатија внимателно го следела развојот на настаните и односот и постапките на другите две балкански монархии, на коишто им се сугерирало да се воздржат од секакво замешување, и дека тоа било во нивни интерес. Што се однесувало до Србија

---

[10] Д-р Хенрих Батовски, Балканските држави и македонското прашање пред и по Илинденското востание. — Зб. Илинден 1903, Скопје, 1970, с. 98.

[11] ДА ССИП МИД ПО Ф. IV 1903, Пов. бр. 1036/3.X 1903, Цариград, Јован Ф. Христиќ.

[12] Грчката влада вршела силен притисок на владата на Османската држава да не прави никакви отстапки на Кнежевството Бугарија нудејќи од своја страна сојуз против бугарската опасност.

[13] Српската влада се определила за политика на активно исчекување со цел по дипломатски пат, со нагласување на својата лојалност и пријателство спрема Османската држава и со „мирољубива“ политика пред големите сили, да се здобие со поповолна позиција: отстапки од првата и симпатии кај последните.

[14] ДА ССИП МИД ПО Ф. IV 1903, Пов. бр. 1036/3.X 1903, Цариград.

[15] Истото.

таа, според изјавата на српскиот пратеник во Цариград дадена на тамошниот британски амбасадор О. Конор, во случај на војна на Бугарија и Османската држава, ќе задржела неутрален став сè дотогаш додека не ќе биле загрозени „српските национални интереси во Македонија“[16]. Истовремено на својата влада во Белград ѝ сугерирал, со оглед на позициите на Австро-Унгарија и Русија, умереност и воздржаност. Србија морала да води сметка за тој неспорен факт. Во спротивно, би се работело против интересите на Србија и српската држава се ставала на тешкотии во еден „сериозен и можеби судбоносен момент“[17]. Голема заблуда било да се верува дека Русија ќе го напуштела сојузот со Австро-Унгарија за да ги заштити словенските интереси. Бидејќи Русија водела сметка, пред сè, за своите руски интереси, и пред нив никогаш немало да стави никакви словенски интереси[18]. Во таа смисла биле и сугестиите на српскиот пратеник во Петроград, Стојан Новаковиќ, кој, по разговорите со рускиот министер на надворешните работи, грофот Ламздорф, известувал за решеноста на големите сили за локализирање на евентуалната војна меѓу Бугарија и Османската држава, и дека независно од резултатите на војната, ништо не можело да се измени на Балканскиот Полуостров, и дека ќе се зачувало статус-квото. Затоа било во интерес на Србија да зачува неутрален став[19]. Уште повеќе што и владата на Османската држава покажувала „сериозно незадоволство“ од ставот на Србија којашто, според известувањата што ги добивала, „работела на зближување со Бугарија за преземање на заеднички акции[20]. Во Цариград не се исклучувало да дојде до радикален пресврт во односите меѓу Србија и Бугарија и до нивно спогодување, поради што биле преземени чекори за предупредување на владата во Белград.

Едностраните акции на балканските држави немале никакво непосредно влијание на веќе договорената балканска политика на големите сили, поради што тие и не можеле да очекуваат подобрување на сопствените позиции. Напротив. Реформата акција, за којашто големите сили не сметале за потребно ни да ги запознаат владите на балканските држави и покрај нивните постојани дипломатски и политичко-пропагандни акции да се наметнат како единствени наследници на балканските територии на Османската држава, а пред сè, на територијата на Македонија, водела кон нивно целосно елиминирање при претстојното одлучување за македонското прашање. Владеачките кругови на

[16] Истото, Ф. II 1903, Пов. бр. 951/6.IX 1903, Цариград.
[17] Истото, Ф. V. 1903, Пов. бр. 851/7.VIII 1903, Цариград, Јов. Ф. Христиќ до Љ. Каљевиќ.
[18] Истото.
[19] Истото, Ф. V. 1903, Пов. бр. 134/24.VIII 1903, Петроград, Стојан Новаковиќ.
[20] Истото, Ф. V, Пов. бр. 926/29.VIII 1903, Цариград, С. Грујиќ.

балканските монархии не можеле да ги прифатат новите состојби на работите. Српскиот пратеник во Цариград коментирајќи ја политиката на големите сили, во еден свој извештај од крајот на септември, пишувал дека балканските држави не можеле да бидат задоволни. Најлошо било тоа што двете „најзаинтересирани сили за Балкан" го решавале прашањето што исклучиво ги засегало балканските држави „без да бараат за тоа претходно нивно мислење, а уште помалку да ги прашаат за нивните интереси"[21].

Спроведувањето на реформната акција и при евидентната ограниченост на реформната програма, во случај владата во Цариград истата да ја прифатела како неминовност за зачувување на територијалната целост на државата, водела кон остварување на реална автономија во Македонија. Тоа што се воспоставувала меѓународна контрола за спроведување на реформите, посебно ги плашело балканските монархии. Се сметало дека воведување на контрола за спроведување на реформата, независно во кава форма, значело сатисфакција за востанатиот македонски народ, кого српските дипломатски претставници го именуваат како бугарски. Посебно што не можело да се очекува е дека „под притисок на бугарските револуционери не ќе се проширела програмата за реформи"[22]. Затоа, уште од самиот почеток, во нејзината прва фаза, реформната акција на силите во Македонија се сметала за подеднакво опасна за сите балкански држави и водела кон целосно парализирање на нивните пропаганди[23]. Натамошниот развој неизбежно ќе водел кон проширување на автономијата, со што се отворал пат автономната македонска област да се конституира во автономна балканска држава, под протекторат на големите сили. Во таа смисла реформната програма на Австро-Унгарија и Русија српскиот пратеник во Цариград, Јован Христиќ, ја оквалификувал како „воспоставување во Македонија" кондоминиум од типот на англо-францускиот за Египет[24].

Од друга страна пак, балканските монархии се плашеле дека во случај ако не се постигнело извесно смирување на ситуацијата во Македонија, Австро-Унгарија би можела да добие мандат од другите големи сили да изврши окупација за нејзина пацификација.

Во такви услови пред владите на балканските монархии како приоритетно се наметнувало:

1. Да го обезбедат натамошното присуство, но и да го засилат дејствувањето на своите пропаганди на теренот во Маке-

---

21 Истото, Ф. II 1903, Пов. бр. 1015/25.IX 1903, Цариград, Јов. Ф. Христиќ.

22 Истото.

23 Се сметало за уште поопасно ако контролата ја земеле во свои раце само Австро-Унгарија и Русија.

24 Истото, Ф. II. 1903, Пов. бр. 1015/25.IX 1903, Цариград.

донија со сите средства и независно од цената со цел да го спречат самостојниот развиток на македонскиот народ[25] и неговата хомогенизација, како и да вршат постојан притисок на силите за да го прифатат постоењето на нивни национални интереси во Македонија.

2. Да се оневозможи евентуалната еднострана акција на Австро-Унгарија да ја окупира Македонија[26].

Бугарската влада, според една изјава на нејзиниот претседател, генералот Рачо Петров, од ноември 1903 година, со најголемо внимание го следела македонското прашање, се грижела и ќе направела сè за да, при неговото решавање, ги обезбедела бугарските интереси"[27]. Односите со Османската држава биле заострени поради што биле засилени воените подготовки. Од европските банки-кредитори биле земени огромни заеми за скапи воени доставки од Франција, Германија и Австро-Унгарија[28]. Спротивно на сето тоа, по дипломатски пат, се обидувала во директни преговори со владата на Османската држава да се регулираат меѓусебните спорови, сметајќи и на тоа да се наметне и да биде прифатена како партнер за македонското прашање. Претседателот на владата во говорот во Бугарското народно собрание на 19 ноември потврдил дека владата работела на постигнување „директна спогодба со Цариград"[29]. Известувајќи за тоа во Белград, српскиот пратеник од Софија, предупредувал дека бугарската влада работела на тоа на македонското прашање да му даде караткер на „чисто бугарско прашање" и со владата во Цариград да го решава како „приватно прашање на Бугарија и Турција"[30].

Српската дипломатија внимателно го следела развитокот на настаните во врска со македонското прашање и потезите на владите на Бугарија и Австро-Унгарија, особено на последната, која вршела силен економски и политички притисок на Србија[31]. Срп-

---

[25] Кој тргнал по патот на самостојно организирана ослободителна борба за создавање сопствена, македонска национална држава. Дејствувањето на нивните пропаганди преку црквата и училиштата во новите услови се покажало недоволно. За да се ослабне отпорноста на македонското население балканските монархии прибегнале кон организирана силна вооружена четничка активност. Добро вооружени и опремени пропагандни чети биле уфрлувани во Македонија и со сила на оружјето со терор го присилувале населението да се декларира за нивните пропаганди.

[26] На тоа гледале како на општ интерес.

[27] ДА ССИП МИД ПО Пов. бр. 432/24.XI 1903, у Софији, Б. Чолак-Антиќ до Андрија Николиќ (АМ м. 11/I).

[28] А. Пантев, Р. Попов и др..., Външната политика на България, с. 113.

[29] ДА ССИП МИД ПО Ф. VII, Пов бр. 42/5.II 1904, Јован М. Јовановиќ до Никола Пашиќ (АМ М. 456).

[30] Истото.

[31] По мајскиот државен удар во 1903 година кога бил убиен кралот Александар Ореновиќ и на српскиот престол била вратена династијата Караѓорѓевиќи дошло до свртување во надворешната политика и до кон-

ската влада се плашела од евентуален австро-унгарско-бугарски договор за Македонија[32]. Тоа ќе значело целосно затворање на непријателскиот обрач околу Србија, со што се доведувал во прашање и самиот опстанок на Србија како независна држава[33]. И при евентуална еднострана воена акција на Австро-Унгарија во Новопазарскиот санџак и во Македонија се сметало дека положбата на Србија не би била многу поповолна. Од тие причини на Србија ѝ бил потребен договор со Бугарија за спротивставување на Хабзбуршката монархија[34]. Сметајќи дека тоа би било во интерес и на самата Бугарија, во актуелната состојба на нејзините односи со Османската држава и за оневозможување на евентуалната австро-унгарска окупација на Македонија, српската власт, кон крајот на ноември 1903 година, ѝ предложила на владата во Софија склучување на српско-бугарски договор за сојуз и за разграничување на интересните подрачја во Македонија[35].

Српскиот предлог дошол во време кога во Бугарија веќе било актуелизирано прашањето за односите со Србија. За односите со Србија се водела дебата на првото заседание на бугарското народно собрание на 14 ноември. Претставниците на Народната и на Прогресивно-либералната партија се застапувале за усогласена политика со Србија за сите прашања во врска со Балканскиот Полуостров[36]. Данев притоа потенцирал дека Бугарија не требало да се плаши од конкуренцијата на Србија, но дека раководечкиот принцип можел да биде само еден единствен: „Ништо да не се дели и никакви сфери на влијанија да не се прифаќаат"[37]. На истите позиции била и Демократската партија[38]. Тоа одело во прилог на политиката на владата. На српскиот предлог претседателот на бугарската влада, генералот Рачо Петров, одговорил дека таков договор бил неприфатлив бидејќи ќе претставувал „делба на кожата на уште жива мечка"

---

фронтирање со Австро-Унгарија, со сета неизвесност што произлегувала од тоа. Уште повеќе што и по смената многу приврзаници на соборената династија и на нејзината политика имале силни позиции. И во српската армија, во редовите на офицерскиот состав, продолжувало судрувањето меѓу двете струи (д-р Владимир Ћоровић, Преговори о балканским савезима, с. 8).

[32] Димитрије Ђорђевић, Србија и Балкан на почетку XX века (1903—1906). — Зб. Југословенски народи пред Први светски рат, Београд, 1967, с. 220.

[33] Истото.

[34] Истото.

[35] ДА ССИП МИД ПО КИ Пов. бр. 432/24.XI 1903 (АМ М. 11/I).

[36] А. Пантев, Р. Попов и др., Външната политика на България., с. 115.

[37] Истото, с. 115—116.

[38] Нејзиниот лидер Н. Цанов се искажал во прилог на автономна Македонија „како јадро на идната балканска конфедерација" (Стенографски дневници на XIII ОНС I PC VIII зас., 14.XI 1903, според А. Попов, Р. Попов., Външната политика..., с. 116).

и создавал недоверба кај големите сили и Османската држава[39]. Искажувајќи задоволство поради добрите економски односи Петров изјавил дека воспоставување на трајни пријателски односи не било можно поради тоа што српската влада и натаму се застапувала за делба на Македонија на сфери на влијанија. Од тие причини не бил можен договорот што инаку Бугарија сакала да го постигне со Србија[40]. Тоа, со други зборови, значело дека под одредени услови, односно, ако српската влада се откажела од територијални претензии во Македонија, бугарската влада била готова да преговара за српско-бугарски договор за сојуз за заедничко спротивставување на австро-унгарската опасност.

На тоа српската влада гледала како на политика на исклучивост и дека бугарската влада и натаму стоела на позицијата дека македонското прашање било исклучиво „бугарско прашање", што таа не можела да го прифати.

Во почетокот на 1904 година Србија го обновила предлогот за српско-бугарски договор за сојуз[41]. Иницијатива за тоа била дадена на 18 јануари на средбата на кралот Петар Караѓорѓевиќ со бугарскиот воен претставник во Белград Христо Хесапчиев[42], кога српскиот владетел искажал „голема желба" за постигнување српско-бугарска спогодба[43]. По враќањето во Софија, Хесапчиев за тоа го известил кнезот Фердинанд, со напомена доколку се сметало дека би било во интерес на Бугарија, привремената спогодба со Србија, моментот бил најпогоден и имало многу поволни услови за успех[44].

На 31 јануари Хесапчиев бил именуван за бугарски претставник и бил испратен во специјална мисија во Белград. Притоа министерот на надворешните работи му предал нацрт бугарско-српски писмен договор од пет точки[45]. Во Белград со иста задача бил испратен и бугарскиот дипломатски претставник во Цетиње, Димитар Ризов[46]. Српско-бугарските преговори започнале во почетокот на февруари. Во преговорите, од српска страна,

---

39 ДА ССИП ПО КИ, Пов. бр. 432/24.XI 1903 (АМ. М. 11/I).

40 Истото.

41 Нешто подоцна српската влада се обидела да се спогоди со Црна Гора. На 10 февруари иницирала преговори за српско-црногорски сојуз за заедничко спротивставување на секоја странска акција или окупација на Стара Србија и Македонија (Владимир Ћоровић, Борба за независност Балкана, Београд, 1937, с. 127).

42 Поединости за тоа Хесапчиев во јавноста изнесол дури во 1929 година. Хр. Хесапчиев, Историческата истина по българско-сърбските съюзни договори от 1904 и 1905. — „Мир", София, 2—3, VIII 1929.

43 Д-р Владимир Ћоровић, Преговори о балканском савезу. — Годишњица Николе Чупића, књ. XLVII, Београд, 1938, с. 9.

44 Истото.

45 ДА ССИП МИД ПО ФII. 6б/11.II 1904, Београд (АМ. М. 456).

46 Истото; д-р Климе Џамбазовски, Влијанието на Илинден врз српско-бугарските односи. — Зб. Илинден 1903, Скопје, 1970, с. 131.

учествувале претседателот на владата Сава Грујиќ и министерот на надворешните работи Никола Пашиќ[47]. На почетокот од преговорите било констатирано дека сериозната ситуација создадена со реформната акција на силите и опасноста што се заканувала за балканските држави, во услови кога Русија била на Далечниот Исток во војна со Јапонија, наметнувала потреба од српско-бугарски сојуз. Бугарските претставници предлагале потпишување на политички договор и воена конвенција врз коишто ќе се засновува српско-бугарскиот дефанзивно-офанзивен сојуз. За политичкиот договор се предлагало да содржи одредби за зачувување на мирот и територијалното статус-кво (според тоа и територијалната целост на Македонија во рамкие на реформната програма) за оневозможување на секоја оружена интервенција на големите сили, поточно на Австро-Унгарија, по македонското прашање[48]. Се предвидувало политичкиот договор да биде јавен, односно обелоденет за смирување на јавното (бугарско) мислење и Русија, како и да се добиеле симпатиите на Италија, Франција и Англија[49]. Во расправата станало збор и за учество во преговорите и на Црна Гора за создавање на дефанзивен балкански сојуз[50].

Со српско-бугарската воена конвенција, за којашто се предвидувало да биде составен дел на политичкиот договор и да се чува во најстрога тајност[51], требало да се регулираат односите и условите за преземање заедничка офанзивна акција „кога ќе се покажело дека реформите не довеле до смирување" во Македонија[52]. Тоа посебно се однесувало кога и двете страни имале идентично гледиште дека „вистинска реформа во Турција никогаш не можела да се спроведе, и дека на крај ќе мора сè да се решава со оружје"[53]. Тука преговорите западнале во тешкотии. Српскиот министер на надворешните работи, Никола Пашиќ, инсистирал на изјаснување на бугарските претставници за ставот на бугарската влада спрема прашањето на Македонија. Хесапчиев, очигледно со цел да се одбегне прекинот на преговорите, одговорил дека Бугарија „кренала раце од мислата за присоединување на Македонија кон Бугарија. И дека тие, Бугарите, гледале дека тоа можело да го доведе во опасност и самиот опстанок на Бугарија"[54]. Затоа Бугарија била за автономи-

---

47 Истото.
48 Истото.
49 Истото.
50 Истото. Во случај на непосредна опасност од Австро-Унгарска воена акција не се исклучувала можност на сојузот да му пристапи и Османската држава.
51 Истото.
52 Истото. Никола Пашиќ во строго доверливо писмо го известувал српскиот пратеник во Софија дека главниот интерес на бугарските делегати била токму воената конвенција.
53 Истото.
54 Истото.

ја на Македонија и врз таа основа сметала на српско-бугарско спогодување. Бугарската влада настојувала да ја искористи неповолната позиција на Србија со договор да ја обврзе српската влада да се откаже од територијалните претензии во Македонија за прифаќањето Бугарија да војува против Австро-Унгарија ако таа ја нападне или преземе воена акција во Новопазарскиот санџак и евентуално во Македонија. Српската влада поради опасноста од Австро-Унгарија се покажала готова да направи значајни отстапки во својата дотогашна политика спрема Македонија. Никола Пашиќ изјавил дека бил решително против македонската автономија, не признавал дека има трета словенска националност на Балканот освен Срби и Бугари и *дека не требало на сила да се создава од Македонските Словени четврта словенска државичка*[55]. Сепак, со оглед на изменетите прилики откако големите сили го зеле во свои раце решавањето на македонското прашање, а Бугарија се откажала од анексија на Македонија, ја прифатил идејата за автономија на Македонија под одредени услови: автономна Македонија да се ограничи на територијата на Солунскиот и Битолскиот вилает. Од автономна Македонија да се издвои целиот Косовски вилает што тој го именувал како Стара Србија[56]. Тоа, во спротивно, ќе значело дека Србија сета своја енергија ја ангажирала за создавање на голема Македонија што би била поголема од Србија[57]. Така создадената автономна Македонија, во случај со својата политика да се здружела со Бугарија, ќе претставувала опасност за егзистенцијата на Србија[58]. Под такви услови Србија, со српско-бугарскиот договор, практично ништо не добивала додека Бугарија, покрај автономна Македонија[59], ја добивала сета територија источно од реката Места со егејскиот морски брег до другата страна на устието на реката Марица, ги оставала Цариград и морските премини, според Пашиќ, само времено, и излегувала на Црно Море[60].

---

55 Покрај Србија, Бугарија и Црна Гора.

56 Истото. Ф VII, б.б./11.III 1904 (АМ М. 456). На прашањето од Ризов дали тој прифаќа независност за Македонија, Пашиќ одговорил дека можел да се согласи под определени услови. Тој притоа уште додал: „Ние сакаме да сме отворени. Да го кажеме она што сега го мислиме и што може да го ослабе нашиот договор. Поарно да не се почнува кога не може работата да се доведе до крај“.

57 ДА ССИП МИД ПО Ф-7, бб/11.III 1904, Београд (АМ М. 456).

58 Истото.

59 Во строго доверливо писмо до српскиот пратеник во Софија Никола Пашиќ пишувал: „Некогаш Бугарите прифаќаа граница меѓу нас за поделба на Македонија — ММ да биде р. Вардар а сега, кога ние прифаќаме автономија за Македонија, не сакаат Скопје да остане во Стара Србија, туку неа ја стеснуваат на Приштинската каза, а Македонија ја шират толку далеку да ја зафаќа речиси цела Стара Србија (ДА ССИП МИД ПО Ф-7, бб/11.III 1904, Београд).

60 Истото.

Бугарскиот одговор бил дека Македонија не е Стара Србија, и дека Бугарија не ја прифаќала нејзината поделба[61]. Потоа следувал прекин на српско-бугарските преговори за сојуз, но само времено, во очекување на инструкции од Софија. За тоа време продолжувале паралелно водените преговори со Османската држава, што во Цариград ги водел специјалниот бугарски владин пратеник.

Српско-бугарските преговори биле обновени на 19 февруари. Бугарските преговорачи ја употребиле Австро-Унгарија како адут за да извршат притисок на другата страна. Хесапчиев предупредил на можното влијание на „интригите што ги преземала австро-унгарската дипломатија за да го спречи српско-бугарскиот договор"[62]. Тоа го поткрепувал со гласови што таа ги ширела за постоење договор меѓу Австро-Унгарија и Бугарија[63]. На прашањето за карактерот и целите на преговорите што бугарската влада ги водела со владата на Османската држава, тој одговорил дека неговата влада со тоа сакала да влије на смирување на Османската држава, со што таа би се воздржала од напад на Бугарија и би добила во време да се подготви. Тој назначил и тоа дека треба да се ослободи од масата Македонци кои живееле во Бугарија и „многу ѝ досадиле"[64]. Со тоа била кажана само половичната вистина. Основното било што бугарската влада настојувала, по секоја цена, да ја одбегне војната со Османската држава којашто, користејќи ја зафатеноста на Русија во војната на Далечниот Исток, со што било исклучено нејзиното воено ангажирање на Балканскиот Полуостров, вршела концентрација на воени сили и остро ја обвинувала Бугарија за директна замешаност во настаните во Македонија и за загрозување на мирот. Во околности кога големите сили биле категорично против нарушувањето на статусот-кво на Полуостровот, и на владата во Цариград ѝ дале одврзани раце за ограничена војна со Бугарија, на последната не ѝ преостанувало ништо друго туку да прифати спогодување под услови што ѝ биле наметнувани од Османската држава. Во исто време требало да се обезбеди сојузник во Кралството Србија, и да се одбегне потполната изолираност. Тврдиот став на српската влада по македонското прашање во дотогашниот тек на преговорите ја присилил бугарската влада што побргу да ги приведе кон крај паралелните преговори во Цариград. На 26 март 1904 година бил склучен договор

---

[61] На барањата на Пашиќ Ризов одговорил: „Вие пак сакате да ја делиме Македонија! Не, Ние не сакаме!" (Истото, Ф-7, бб/11.III 1904, Београд, /АМ М. 456, Ф-7/.

[62] Истото.

[63] Д-р. Владимир Ћоровић, Преговори о балканском савезу., с. 16.

[64] ДА ССИП МИД ПО Ф-6, бб/12.III 1904 (АМ М. 456, Ф-6).

кој практично и бил наметнат на бугарската влада[65]. Последната се обврзала да го спречи преминувањето на револуционерни чети на територијата на Османската држава и на својата територија да ја забрани дејноста на Македонската револуционерна организација и на Македонскиот врховен комитет, не добивајќи никакви отстапки од владата во Цариград. За тоа била подложена на остра критика од страна на бугарската опозиција. Опозиционите партии, иако од различни позиции, биле единствени во осудата на владата што била обвинувана дека се ставила во позиција на „орудие на Високата Порта", дека со тоа ја признала вината на Бугарија за заострување на односите и дека се покажала неспособна да ги реши клучните прашања на бугарската надворешна политика. Тоа можела да го направи само силна влада способна да ги искористи сите средства вклучувајќи ја и војната[66]. Затоа во преговорите со српската влада морала да покаже поголема еластичност, но и да постигне поволен договор.

Српската влада се покажала непопустлива. Нејзините претставници и натаму инсистирале на целиот Косовски вилает како компензација што Бугарија ја добила Источна Румелија, а Грција го добила островот Крит. Тоа го отежнувало спогодувањето.

Во преговорите станало збор и за пристапување на Црна Гора на подготвуваниот договор за создавање на балкански словенски сојуз. Притоа било договорено Црна Гора да се вклучи кога преговорите ќе биле доведени во завршна фаза[67].

Српско-бугарските преговори биле предмет и на пошироки дипломатски контакти меѓу двете држави. Во средината на март за тоа биле водени разговори помеѓу српскиот пратеник во Виена, д-р Павле Диниќ, и бугарскиот министер на просветата Шишманов, кој во тоа време престојувал во Виена. Бугарскиот министер се искажал дека Бугарија „имала искрена желба за целосна спогодба со Србија"[68].

За подобрување на своите позиции во српско-бугарските преговори по прашањето на Македонија српската дипломатија сметала да го употреби Борис Сарафов и неговите приврзаници во македонското ослободително движење[68a]. Во тоа време Сара-

---

65 A. Shopoff, Les réformes et la profection des chretieus en Turquie 1673—1904, Paris, 1904, p. 576—578; Д-р Хенрих Батовски, Балканските држави и македонското прашање. . ., с. 99.

66 А. Пантев, Р. Попов и др., Външната политика на България . . ., с. 114.

67 ДА ССИП МИД ПО Ф-6, бб/12.III 1904, Београд.

68 Истото, Ф-4, Пов. бр. 65/18.III 1904, Виена. Диниќ до Никола Пашиќ.

68a Обиди во таа смисла српската дипломатија имала и порано, пред Илинденското востание, во почетокот на 1902 година. Во едно писмо на претседателот на тогашната српска влада и министер на надворешните работи д-р Михајло Вуиќ до српскиот пратеник во Цариград Сава Грујиќ, меѓу другото, се вели: „Ние можеме според нашата волја и на на-

фов настојувал да ја придобие Србија за македонската кауза врз принципот на солидарност, а со крајна цел сојузување и единство на балканските словенски држави врз рамноправна основа. Во таа смисла, во средината на март, во Виена биле водени разговори[69] помеѓу Сарафов и тамошниот српски пратеник Диниќ. Сарафов барал српската влада да го измени својот дотогашен став и да го помогне македонското ослободително дело и создавањето на самостојна македонска држава, по што ќе дошло до прекинување на конфронтациите помеѓу балканските држави и би се отворил пат за нивно сојузување во единствена сојузна балканска држава[70]. Барањата на Сарафов биле во директна спротивност со политиката и целите на српската влада.

Во српско-бугарските преговори не можело да се постигне согласност за главното спорно прашање: северната граница на автономна Македонија, односно за јужната граница на таканаречената Стара Србија. Двете страни останувале на своите позиции. Српската влада сметала дека и без тоа направила големи отстапки со прифаќањето да се создава автономна Македонија.

Меѓутоа, поради сè позачестените projави на агресивни намери на Хабзбургшката монархија, посебно кога воените кругови во Виена повикувале на воена акција, во Новопазарскиот санџак и натаму на југ кон Солун, преговорите понатаму не можеле да се одолжуваат. Договорот со Бугарија на Србија и бил потребен за да се обезбеди од таа страна. Сепак, српската дипломатија со недоверба гледала на идниот сојуз со Бугарија. Затоа, во почетокот на март, во Петроград, во специјална мисија бил испратен тогашниот шеф на пропагандата, Света Симиќ, да го испита ставот на Русија во случај на воена акција на Австро-Унгарија, по прашањето на евентуален сојуз на балканските држави за спротивставување на австро-унгарската окупација на Новопазарскиот санџак и на Македонија, како и за прашањето на евентуален сојуз на Србија, Црна Гора, Грција и Османската држава против Бугарија „ако таа се обидела да го наруши мирот

---

чин безопасен за нас да го употребиме Македонскиот комитет. За нас е посебно значајно неговата (на Сарафов — ММ) согласност да ја популаризира ослободителната улога на Србија која секогаш беше претставувана како непријател на ослободувањето на Македонија (Дипломатска преписка Краљевине Србије, I, Београд, 19, док. 16, пов. бр. 165/14.II 1902).

69 За разговорите со Сарафов српскиот пратеник известувајќи ја својата влада меѓу другото пишувал: *„Со него зборувавме два саата и тоа на македонски јазик,* што е многу сличен на српскиот но тие го нарекуваат македонски (ДА ССИП МИД ПО Ф-4, Пов. бр. 65/18.III 1904, у Бечу).

70 При тоа Сарафов изјавил: *„Ние бараме целосна политичка автономија. Кога ќе ја добиеме автономијата ќе работиме на тоа да постигнеме сојуз на Јужните Словени во една сојузна балканска држава* (подвлекол — ММ). Така би постанале моќна сила способна да се брани" (ДА ССИП МИД ПО Ф-4, Пов. бр. 65/18.III.1904, прилог: Писмо/16.III 1904).

на Балканот“[71]. Се поаѓало од тоа дека договорот со Бугарија можел да се постигне единствено со активно ангажирање на руската дипломатија[72]. Српската влада, актуелниот политички момент го сметала за посебно значаен, и дека таа во голема мерка, ја оправдувала политиката и позициите на српската држава. Српскиот министер на надворешните работи, Никола Пашиќ, кој ја креирал српската надворешна политика, а во тие рамки и политиката спрема Македонија, сметал дека тоа што веќе било постигнато претставувало сигурна основа за натамошното дејствување[73]. Натамошната непосредна цел што Србија требало да ја постигне била на целиот Косовски вилает да му се даде исклучиво српски карактер со наметнување на името Стара Србија. Името Македонија требало целосно да се истисне од северниот дел на Македонија и да се ограничело само на другите два македонски вилаети: Битолскиот и Солунскиот вилает[74]. Тоа посебно било нагласувано кога Бугарите настојувале и работеле на тоа името Македонија да се зачува на сета територија на трите вилаети, а името Стара Србија наполно да го елиминираат или да го ограничат „на беззначаен дел од Косовскиот вилает“[75]. Српските претензии не се ограничувале само на тоа. Пашиќ се застапувал да се бара во северниот дел од Македонија во рамките на Косовскиот вилает српскиот јазик да стане официјален покрај турскиот јазик, а во другите два македонски вилаети, покрај турскиот јазик, официјални јазици да бидат и српскиот, бугарскиот и грчкиот јазик[76]. Според тоа, српските претензии се проширувале и на територијата на Битолскиот и Солунскиот вилает што требало да претставува терен за спогодување со конкурентските балкански монархии: Бугарија и Грција. Во тој правец биле и сугестиите и на тогашниот српски пратеник во Рим, Милован Миловановиќ, дека никако не требало да се прифати Косовскиот вилает да останел во Македонија. На Косовскиот вилает во постојните административни граници требало да се гледа така „како да е компензација на Србија што Бугарија за себе ја зела Источна Румелија а на Грција ѝ бил наменет Крит“[77]. Доколку пак Србија би била доведена во положба да прифати автономија за Македонија тогаш „не смеело да ѝ се признае цела Стара Србија,“ при што самиот не се изјаснил до каде можело да се оди. Тој истовремено бил категоричен дека автономна Македонија“ не смеела да биде толку голема да можела да поста-

---

71 Д-р Владимир Ћоровић, Преговори о балканском савезу., с. 16—17.
72 Истото, с. 18.
73 За тоа Пашиќ му пишувал на српскиот пратеник во Рим, Миловановиќ: „Можеме да бидеме задоволни со досегашните резултати, но сè не е постигнато. (ДА ССИП МИД ПО Ф-6, бб/12.III 1904, Београд).
74 ДА ССИП МИД ПО Ф-6, бб/12.III 1904.
75 Истото.
76 Истото.
77 Истото.

не опасна за Србија, посебно кога би се зближила со Бугарија"[78]. Според тоа, водечките српски политички личности главно биле единствено во определбата ако не можело да се спречи тогаш да не се допушти создавањето на автономна Македонија во нејзините национални и географски граници.

Бугарската страна не прифаќала спогодба за делба на Македонија на интересни подрачја, а Србија не се откажувала од претензиите кон северните делови на Македонија. Бидејќи повеќе од очигледно било дека не можело да се постигне дефинитивен договор за тоа средишно прашање, а со оглед на тоа дека и двете страни биле заинтересирани за постигнување каков-таков политички договор, како потреба на моментот, се спогодиле договорно да се регулираат само прашањата за кои постоела целосна согласност. На српското инсистирање бугарската страна прифатила во текстот на договорот да стои и името Стара Србија, без дефинирање на територијата на која се однесувало.

На 30 март (односно на 13 април, н.с.) во Белград биле потпишани[79]: Пријателски договор меѓу Кралството Србија и Кнежевството Бугарија[80], таен Договор за сојуз меѓу Кралството Србија и Кнежевството Бугарија[81] и Заклучни протокол[82]. Двата српско-бугарски договори биле склучени за сметка на Македонија и „на штета на внатрешниот национален развиток на македонскиот народ"[83].

Првиот договор бил јавен. Ги регулирал билатералните економски односи[84]. Договорот за сојуз претставувал таен политички договор, од осум члена. На трета држава можел да се соопшти само по претходен договор на двете влади[84a].

---

[78] Истото.

[79] Договорите ги потпишале за Србија претседателот на владата, генералот Сава Грујиќ и министерот на надворешните работи Никола Пашиќ, а за Бугарија Димитар Ризов, бугарски дипломатски претставник на Цетиње и Христифор Хесапчиев, генералштабен полковник, вршител на работите на бугарски дипломатски претставник во Белград.

[80] Д-р Владимир Ћоровић, Преговори о балканском савезу., с. 20—21; Петар Стојанов, Еден предлог за српско-бугарска федерација и автономија на Македонија (1904 година. — Прилози за Илинден, 5, Скопје, 1983, с. 171; А. Гошев, Балканските войни, I, Предистория и причини, София, 1929, с. 153—155.

[81] Д-р Владимир Ћоровић, Преговори о балканским савезима., с. 18—20.

[82] Истото, с. 21—22.

[83] Димитрије Ђорђевић, Србија и Балкан на почетку XX века, с. 223.

[84] За нивно унапредување се предвидувало: слободно движење на стоките и патниците, единствена царинска политика спрема други држави и еднакви поштенско-телеграфски тарифи. Со договорот било предвидено и склучување на царинска унија, судска и монетарна конвенција.

[84a] Договорот се потпишувал со важност од пет години. После тоа, по потреба, можело да се изврши ревизија на содржината на истиот (чл. VIII).

Бугарската влада, поучена од претходното лошо искуство со договорот со владата на Османската држава, бугарско-српскиот договор за сојуз, односно тајниот договор, го чувала во најстрога тајност. За неговото потпишување, а според тоа и за неговите одредби, како и за вистинскиот карактер на преговорите водени со српската влада, бугарската опозиција ништо не знаела. На упорното барање од опозицијата бугарската влада одговорила дека се воделе преговори „само за трговско и културно зближување меѓу двата народа“[85]. Таква политика во односите со Србија била прифатлива за сите бугарски опозициони партии. Тоа и се потврдило во расправата на заседанието на бугарското народно собрание, во дебатата за надворешната политика, во почетокот на ноември.

Опозиционите буржоаски претставници биле единствени во ставот дека македонското прашање требало да има средишно место во надворешната политика на актуелната, но и на сите бугарски влади[86]. За лидерот на Народната партија, Бобчев, автономијата на Македонија претставувала „концесија за постигнување договор со Србија“. Понатаму од тоа не можело и не смеело да се оди. Бугарската надворешна политика морала да биде прво национална, па после тоа словенска[87]. Тоа, со други зборови, значело дека во основа на бугарската политика била анексијата, а дека автономијата, во актуелниот момент, била изнудена солуција во интерес на бугарско-српското зближување. Данев повикувал за водење реална надворешна политика, да се води сметка за приликите и факторите што имале влијание, на начинот на решавањето на прашањето на Македонија[88]. Бугарија евентуално, морала да биде подготвена да се откаже од тоа што дотогаш бил бугарски идеал: „обединување на сите земји во кои имало Бугари“, како и за неминовно соочување со антипатиите што во бугарското општество или барем „во еден негов дел фатиле корени“[89]. Според тоа, и бугарската опозиција, иако од по-

---

85 А. Пантев, Р. Попов, Външната политика на България..., с. 115.

86 ДА ССИП МИД ПО Ф-5, 1904, Преписка, Пов. бр. 59/6.05.1904, Атина, Христиќ до Пашиќ.

87 Истото.

88 Истото.

89 Истото. При тоа уште додал: „Таа отстапка што реалната политика бара да ја направиме денес е донекаде полесна бидејќи и во идејата за федерација на балканските држави, кон крајот треба да води српско-бугарскиот договор, имаме добра и задоволувачка компензација што одговара и на духот на времето и на нашите заеднички интереси“. И Најчо Цанов, од Младите либерали, стариот бугарски едал требало да се замени со нов: за *федерација на балканските словенски народи кон чие остварување воделе реформите кои со натамошното ширење ќе доведеле до автономна управа во Македонија.* Тој идеал, според неговите зборови „е поголем и повозвишен бидејќи *се засновува не на национална исклучивост туку на јужнословенска солидарност“* (подвлекол — ММ).

други позиции, па и со пореалистични декларативни залюжби, ја одобрувале политиката на владата за зближување со Србија.

Со тајниот политички договор двете влади потписнички взаемно си гарантирале територијална целост, независност на нивните држави и сигурност и неприкосновеност на династии[90]. Се обврзувале здружено „со сите сили и средства со кои располагале" да се спротивставаат на секоја непријателска акција или изолирана окупација на трите македонски вилаети и на Новопазарскиот санџак, независно за која држава се работело[91]. За регулирање на сите поединости и последици што можеле да произлезат во такви случаи, било предвидено склучување на специјална воена конвенција[92]. За сите спорни прашања во меѓусебните односи за кои не ќе се постигнела взаемна согласност во договорот била предвидена арбитража на руското цар[93].

Во Заклучниот протокол[94] било внесено посебно дополнување на првиот член од тајниот договор во врска со реформите во Македонија со што било утврдено дека двете држави ќе се грижеле да обезбедат заемна толеранција на нивните пропаганди на теренот[95].

Потпишаниот таен политички српско-бугарски договор бил потреба на моментот. Врз непомирливите спротивности бил дефиниран заедничкиот интерес: зачувување на територијалното статус-кво на европското владеење на Османската држава, во прв ред во Македонија, заедничко спротивставување на секоја акција на Австро-Унгарија за окупација на Македонија и попречување на самостојниот национален и политички развиток на македонскиот народ и создавањето на одделна самостојна македонска држава. Секоја, од страните потписнички, проценувајќи ги сопствените позиции, во постојната актуелна политичка ситуација во меѓународните односи во врска со македонското прашање, сметале дека со потпишувањето на договорот ги обезбедувале своите посебни интереси и ги постигнале основните цели. Владата на Кралството Србија сметала на следниве погодности: 1. Во случај на директна конфронтација со Австро-Унгарија Србија се обезбедувала од Исток, од Бугарија, што било приоритетна задача[96]. Бидејќи, во други услови, при евентуален австро-

---

[90] Член II од договорот.

[91] Член III од тајниот договор.

[92] Член IV.

[93] Во случај на неприфаќање од руското цар се предвидувала арбитража на Меѓународниот суд во Хаг (член VII).

[94] Протоколот содржел поблиски појаснувања на одредбите од договорите за да се одбегнат нивни погрешни толкувања при нивната примена.

[95] Заклучни протокол..., II. Во „Сојузниот договор", точ. В.

[96] За тоа Димитрије Ѓорѓевиќ пишува: „Во услови на загрозеност од Австро-Унгарија на Србија ѝ останувала единствена можност спогодување и сојуз со Бугарија" (Д. Ђорђевић, Србија и Балкан..., с. 222).

унгарско-бугарски договор и нивна заедничка воена акција во Македонија и во Новопазарскиот Санџак, се доведувал во прашање и самиот опстанок на српската држава[97]. 2. Бугарија се обврзала да ја толерира српската пропаганда во Македонија. 3. Бугарија прифатила и во договорот било внесено името Стара Србија, без ограничување на територијата што под тоа име се подразбирала.

Тоа, со еднострано интерпретирање од страна на српската влада и негово доведување во врска со некогашната средновековна српска држава, можело да се употреби, односно на тоа да се повикува за српски претензии и идна територијална експанзија не само во северните делови, туку и на целата етничка територија на Македонија до Солун, за излез на македонскиот морски брег.

И бугарската влада имала сопствено видување за тајниот српско-бугарски договор: 1. дека со договорот српските претензии биле ограничени на Косовско-метохиската област за којашто го поврзувала името Стара Србија. 2. Србија ја обврзала на заедничко спротивставување на секоја акција за окупација на Македонија од Австро-Унгарија. 3. Со одредбите од договорот, обопштено и недоволно прецизно формулирани, не прифатила и не сметала да признава постоење на посебни српски интереси во Македонија. И дека имала можност не само да ги оспорува српските претензии туку да го продолжи дејствувањето на бугарската пропаганда и на споменатата територија северно од Шар Планина, односно во целиот Косовски вилает.

Според тоа, со потпишувањето на тајниот политички договор не само што не биле разрешени српско-бугарските спротивности, туку истиот водел кон натамошни конфронтации и заострување на судрувањата и меѓусебните крвави пресметки на нивните пропаганди на теренот во Македонија.

Српско-бугарското спогодување не останало непознато за македонските средини, иако преговорите и потпишаниот договор се чувале во најстрога тајност. Сосема оправдано постоел страв дека српско-бугарското зближување можело да биде единствено за сметка на македонскиот народ и дека не се исклучувала можноста за потпишување договор за поделба на Македонија[98]. Кон крајот на август српскиот пратеник од Софија ја известил

---

[97] Таква можност не се исклучувала пред сè поради нејзината поволна геостратешка позиција на Бугарија која можела да одигра посебно важна улога за обезбедување на брз успех на австро-унгарскиот продор во Новопазарскиот санџак и натаму кон југ.

[98] ДА ССИП МИД ПО Ф-II, Пов. бр. 331/31.08.1904, Софија, Јов. М. Јовановиќ до Никола Пашиќ.

својата влада дека „делбата на интересни свери постанала, во некоја рака, за нив страшило. Од тоа се плашат сите македонски револуционери без разлика на која фракција ѝ припаѓаат“[99].

Врз основа на сето тоа што претходно беше кажано, може да се констатира дека борбата на македонскиот народ за национално ослободување и создавање на македонска национална држава, во време на Илинденското востание, силно ги загрижила како големите сили, така и малите балкански држави. Првите, поради сопствените посебни и глобални интереси, биле единствени во определбата за зачувување на територијалното статус-кво на Балканскиот Полуостров. Но тоа можело да се постигне само со радикални реформи во Македонија. Наместо тоа се определиле за огрничена реформна програма што требало да се спроведува под меѓународна контрола.

Соседните балкански монархии, Србија, Грција и Бугарија, кои имале отворени територијални претензии, се плашеле дека реформната акција на големите сили водела кон воспоставување на реална автономија и дека се отворал пат за конституирање на Македонија во одделна автономна балканска држава, под меѓународна контрола. Тоа ќе значело и крај за нивните експанзионистички аспирации. Затоа, како нивни заеднички интерес се наметнувала потребата да обезбедат продолжување на дејствувањето на нивните пропаганди на теренот во Македонија, со сите сретства да го спречуваат самостојниот развиток на македонскиот народ и неговата национална хомогенизација, а по дипломатски пат да вршат притисок на големите сили да прифатат српски и бугарски, односно грчки интереси во Македонија.

Во такви околности, и покрај дијаметрално спротивставените нивни интереси, Србија и Бугарија, уште во ноември 1903 година, воспоставиле први контакти за сондирање на теренот за преговори за склучување договор за разграничување на интересните подрачја. По неколку месечни тајни преговори на 30 март (односно на 13 април) 1904 година во Белград биле потпишани еден јавен и еден таен договор за сојуз.

И двата српско-бугарски договори биле за сметка на Македонија, против виталните интереси на македонскиот народ.

Mihaylo MINOSKI

## THE SERBO-BULGARIAN RELATIONS AND THE MACEDONIAN QUESTION IMMIDIATELY AFTER THE ILINDEN UPRISING

S u m m a r y

With the Ilinden Uprising the Macedonian peop'e had proved their determination to fight for their liberation and for the creation of a Macedonian national state relying on their own strenght. The Great Powers

[99] Истото.

were greatly disturbed, since, protecting their own interests, they were united in the decision to preserve the territorial status-quo on the Balkans. The Macedonian question became an acute international question that threatened the common peace. The Powers, therefore, decided on more radical reforms in Macedonia under international control. The neighboring Balkan monarchies that had expressed open territorial pretensions, feared that the action of reform by the Great Powers lead to the establishment of an actual autonomy, and that it opened a way for Macedonia to be constituted as a separate autonomous Balkan state under international protection. That meant an end to their expansionistic aspirations. Threfore, their comon interest implied continuation of their propaganda on the terrain of Macedonia, so that they could prevent the independent development of the Macedonian people and their homogenization, while by diplomatic way they could exert pressure on the Great Powers so that they would accept the existance of Serbian, Bulgarian and of Greek interests in Macedonia.

In such conditions, in spite of the diametrically opposed interests, back in November 1903, the first contacts for sounding out of a terrain for negotation between the governments of the Kingdom of Serbia and the Principality of Bulgaria were established so as to conclude a treaty of alliance and of restriction of the spheres of interest. After several secret negotiations two agreements were signed in Belgrade on 30 th March (that is, on 13 th April) 1904 : The Treaty of Friendship, which was public, and the Secret Treaty of Alliance between the Kingdom of Serbia and the Principality of Bulgaria, with a concluding protocol.

Both Serbo-Bulgarian treaties were concluded on the account of Macedonia.